# ООУ „Свети Кирил и Методиј“-Свети Николе

## ПРОТОКОЛ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ПОСТАПУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА НАСИЛСТВО ВО ООУ„СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“

Почитувани ученици,

Со цел да се чувствувате добредојдено и безбедно во училиштето сакаме да ве известиме дека во нашето училиште имаме Протокол за спречување и постапување во случај на насилство. Овој документ има за цел да едуцира и креира безбедна средина за сите, во која сите ќе се чувствуваат добредојдени, безбедни и ќе можат да ги уживаат своите човекови права и исполнат својот потенцијал креирајќи еднакви можности за сите. Дополнително, овој протокол го дефинира постапувањето и реакцијата во случај на насилство и истиот ќе ни послужи при едукација, постапување и реинтеграција на сите засегнати страни од насилство во училиштето преку реализација на различни активности во текот на училишната година.

**Значење на поимите: насилство, злоупотреба и запоставување**

**Насилство** - е секој облик на повторувано вербално и невербално однесување со кое се загрозува здравјето, развојот и достоинството на децата/учениците.

Различни облици на насилство:

- емоционално-психичко насилство - загрозување на психичкото и емоционално здравје на детето;
- физичко насилство - физичко повредување на детето/ученикот;
- сајбер насилство - злоупотреба на информатичката технологија – моб.тел, интернет и др.;

- врсничко насилство(булинг)
- насилство од омраза
- сексуално насилство – вклучување на децата во сексуална активност која тие не ја сфаќаат и за која не се развојно дораснати;
- социјално насилство – исклучување на детето или децата од групата;
- родово базирано насилство
- спортско насилство

**Злоупотребата** опфаќа голем број на различни однесувања со кои континуирано се загрозува физичкиот, психичкиот и моралниот интегритет на детето/ученикот.

**Запоставувањето** опфаќа пропусти на возрасните во однос на децата со што се оневозможува здрав развој на детето, односно неадекватна грижа и физичко, здравствено, емоционално, образовно или воспитно запоставување на детето.

**Безбедноста на сите е на прво место**

**Кога имаме сознание за насилство и/или препознаеме насилство имаме обврска настанот да го адресираме/пријавиме →**

Секое лице кое е во или вон училиштето и има сознание за насилство кон лица од училиштето има обврска истото да го пријави кај контакт лицата за насилство во училиштето кај психологот во училиштето Ана Пушкова Ѓоргиева, педагогот во училиштето Елена Велкова, социолог во училиштето Светлана Митрушов или кај вработените во училиштето (дежурен наставник, директор, стручна служба, класен раководител, наставник, технички персонал).

Чувствувајте се пријатно да пристапите до стручните служби за разговор доколку не се чувствувате безбедно, тие се во ваша служба и се тука за вас.

**ИНТЕРВЕНТНИ АКТИВНОСТИ**

**(процедури и постапки - интервенција за заштита на децата/учениците)**

За да се планира и реализира на најдобар начин на интрвенција за заштита на децата потребно е да се земат во предвид следните критериуми:

- Дали **насилството се случува** или постои **сомнеж** за насилство;
- **Каде** се случува – дали се случува во училиштето или надвор од него;
- **Кои** се учесниците/актерите во насилството, злоупотребата и запоставувањето;
- **Обиликот и интензитетот** на насилството, злоупотребата и запоставувањето;




Согласно проценката на нивото на ризик се донесува одлука за начинот на реагирање:

- случајот се решава во училиштето;
- случајот се решава во училиштето во соработка со други релевантни установи;
- случајот се проследува на други надлежни служби;

**СЕКОЈА ЛИЧНОСТ КОЈА ИМА СОЗНАНИЈА ЗА НАСИЛСТВО, ЗЛОУПОТРЕБА И ЗАНЕМАРУВАЊЕ Е ДОЛЖНА ДА РЕАГИРА**

**Чекори – редослед во постапките во интервенција**

Чекорите се прикажани во однос на следните ситуации:

1. Во случаите на насилство или сомнеж дека насилството се случува ПОМЕЃУ ДЕЦАТА / УЧЕНИЦИТЕ;

2. Во случаите кога детото/ученикот е изложен на насилство или постои сомнеж за насилство од страна на ВОЗРАСНА личност ВРАБОТЕНА во училиштето;

3. Во случаите кога детето/ученикот е изложен на насилство или постои сомнеж за насилство од страна на ВОЗРАСНА личност која НЕ Е ВРАБОТЕНА во училиштето;

## УЧИЛИШНА ЗАШТИТНА МРЕЖА



**ДЕФИНИРАЊЕ НА  УЛОГИ И ОДГОВОРНОСТИ ВО ПРИМЕНА НА ПРОЦЕДУРАТА И ПОСТАПУВАЊЕТО ВО СЛУЧАЈ НА НАСИЛСТВО**

Раководен кадар:

1. Запознавање со Протоколот за постапување во случај на насилство;
2. Избор на членови во Тимот за заштита на децата од насилство;
3. Задолжително учество во процедурата кога е во прашање насилство над децата од страна на вработените во училиштето или друга возрасна личност која не е вработена во училиштето  (преземање на заштитни мерки  за учениците, информирање на родителите и др.)
4. Поднесување на пријави до надлежните институции;
5. Следење и вреднување на преземените мерки за заштита на учениците преку постојана соработка со тимот;

Членовите на тимот:

- Учествуваат во обука за заштита на децата/учениците од насилство, злоупотреба и запоставување;
- Информирање и давање на основна обука за вработените во училиштето со цел – стекнување на основни знаења и вештини неопходни за превенција, препознавање, процена  и реагирање на појавата на насилство, запоставување и злоупотреба на учениците;
- Организираат запознавање на учениците и родителите запознавање со Протоколот за заштита на децата од злоупотреба и запоставување;
- Ја координираат изработката и реализацијата на програмата за заштита на учениците од насилство;
- Организираат консултации во училиштето и го проценуваат нивото на ризик за безбедноста од насилство;
- Ги следат и ги проценуваат ефектите од преземените мерки за заштита на учениците;
- Соработуваат со релевантните установи;
- Организираат евидентирање на појава на насилство;

Предментни наставници:

- Задолжително  учествуваат во процедурата кога е во прашање насилство помеѓу децата во училиштето (прекинување на насилството помеѓу децата и известување на одд. раководител, смирување на ситуацијата, прибирање на информации, следење на однесувањето на потенцијалните учесници во насилство);
- Задолжително водење на сопствена евиденција за појавата на насилство помеѓу учениците;
- Задолжително учество во процедурата кога е во прашање насилство  над учениците од страна на  вработените или др. личност која не е вработена во училиштето;

Одделенските раководители:

- Задолжително учество во процедурата кога е во прашање насилство помеѓу децата/учениците во училиштето или од страна на вработени (прекинување на насилството помеѓу децата, смирување на ситуацијата, прибирање на информации, информирање на родителите, договор за заштитни мерки, следење на ефектите на преземените мерки, следење на однесувањето на потенцијалните ученици);
- Задолжително водење на сопствена евиденција за појавата на насилство помеѓу децата и изготвување на извештај на крајот од учебната година;
- Задолжително на часот на одделенската заедница запознавање на учениците со куќниот ред на училиштето, кодексот за однесување на учениците, како и со протоколот;
- Разговори со учениците од паралелката и проценка на нивото на ризик од насилство над нив;

Дежурни наставници:

- Запознавање со протоколот и со обврските за учество во интервенција;

- Задолжително учество во процедурата кога е во прашање насилство помеѓу децата/учениците во училиштето или од страна на вработени (прекинување на насилството помеѓу децата, смирување на ситуацијата,информирање на одд. раководител);

- Задолжително водење на евиденција за појава на насилство во евидентана книга на дежурните наставници;

Другите вработени во училиштето (администрација, тех.персонал):

- Запознавање со протоколот и обврските за учество во интервенција;
- Задолжително учество во процедурата кога е во прашање насилство помеѓу децата/учениците во училиштето или од страна на вработени (прекинување на насилството помеѓу децата, смирување на ситуацијата, информирање на одд. раководител);

Ученици:

- Запознавање со Протоколот за обврските за учество во интервенција;
- Задолжително известување за секој вид на насилство;
- Дежурните ученици го известуваат дежурниот наставник за насилство меѓу учениците во училиштето;
- Одделенската заедница го известува одделенскиот раководител, предметниот наставник во случај на насилство во паралелката;

*** **Почитувањето и примената на овој протокол се клучни за креирање на безбедна средина за сите во која секое лице ќе е добредојдено и ќе се чувствува безбедно. Целносната верзија на овој протокол е достапна на веб страната на училиштето. За сите прашања поврзани со овој протокол можете да се обратите до стручните служби во секое време.**

Мај, 2023 год. Стручна служба